Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 ноември 2000 година.

Број 07-4557/1
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член1

Во Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000) во членот 56 точката 6 се менува и гласи:

"утврдува Буџет и завршна сметка на Фондот".

Во точка 8 зборовите: "завршна сметка и" се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".